# МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ СКОПЈЕ

# ТОМАС МЕКЕВИЛИ

(Thomas McEvilley, 1939)

е професор по историја на уметност на Рајс Универзитетот во Хјустон, Тексас. Докторирал 1968 на Универзитетот во Синсинати, на тема "Имагинацијата и реалноста во поемите на Сафо". Објавил повеќе книги од областа на филологијата и литерарната критика, компаративната филозофија и историјата на филозофијата (капитално дело: "Плотин и Вајнанавада будизмот",1980, "Раната грчка филозофија и Мадјамика",1981 и "Пиронизмот и Мадјамика",1982).

Главно поле на неговата работа е сепак уметничката критика и теорија. Покрај многубројните монографии и есеи, Мекевели има објавено и неколку познати и мошне ценети книги во кои го обработува идеолошкиот дискурс на модернизмот наспроти плурализмот на вредностите во пост-модернизмот(Art and Discontent: Theory at the Millenium, 1991; The Exiles Return: Re-defining Painting for the Post-Modern Age, 1993), како и прашањата на мултикултурализмот и уметничката глобализација(Art and Otherness: Crisis in Cultural Identity, 1992).

петок, 20.01.1995
во 19 часот
Кино сала
на Музејот
на
современата
уметност - Скопје

"Без оглед дали е искажано експлицитно или не, она што ја преокупира нашата естетика и култура во последните 200 години е тоа дека западната култура е супериорна и во спротивност со другите култури. Тој аргумент имаше разни облици, а особено беше влијателен преку историскиот детерминизам на Хегел, кој предложи да го квантифицира човечкиот "прогрес". Од неодамна, меѓутоа, терминот "мултикултурализам" го означува пост-модернистичкото сфаќање за тоа како уметноста ги преминува вештачките граници и како може, веројатно за прв пат во историјата, да постои пост - колонијален глобализам во уметноста ослободена од етноцентричките вредносни судови. Мекевили зборува за тоа како презентацијата на уметноста може да ја одреди нејзината рецепција, како "влијанијата" можат да бидат двонасочни, како "другоста" служи да се дефинира "себството" и како уметноста не мора безусловно да се обесмисли кога ќе и се симнат ознаките на универзалноста".
(Превземено од рецензијата за книгата Art and Otherness: Crisis in Cultural Identity).

Издавач: Музеј на современата уметност-Скопје, 91000 Скопје, п.ф.482, Самоилова б.б., Македонија, тел. 091 11 77 34, факс 091 23 63 72;